Владимир ОРТАКОВСКИ

ПРАВАТА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ ВО ЕВРОПА И ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Регулирање на правата на малцинствата во Европа

1.1. Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи

Појдовна основа за положбата на малцинствата во Европската унија е концептот на хомогена национална држава, па со Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи правата на малцинствата посебно не се спомнуваат, туку се составен дел на недискриминацијата и почитувањето на основните човекови права и слободи. Во таквиот систем на Европската унија регионалните и локалните власти не учествуваат во институциите. Националните (или регионалните) правни правила во земјите членки на ЕУ со кои се озаконува заштитата на малцинските групи можат да дојдат во конфликт со основните принципи на правото на ЕУ. Секогаш кога мерките на таквата заштита имаат економска или финансиска димензија, тие можат да дојдат во делокруг на Договорот од Маастрихт и мораат да го издржат предизвикот на заедничкиот пазар и слободниот натпревар [1].

Во Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, која е потпишана од Советот на Европа на 4 ноември 1950, а стапила во сила на 3 септември 1953 година, нема посебни одредби за правата на малцинствата. Само во членот 14, кој се однесува за недискриминацијата, се спомнува „асоцирањето со национално малцинство“: „Уживањето на правата и слободите признати со оваа Конвенција ќе бидат обезбедени без дискриминација по било која основа, заснована на полот, расата, бојата на кожата, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго мислење, националното или социјалното

1. Поширока елаборација на ова прашање види во: Bruno de Witte, Surviving in Babel? Language Rights and European Integration, in Yoram Dinstein and Mala Tabory (eds.), The Protection of Minorities and Human Rights, 1992, p.292-300.

потекло, асоцирањето со национално малцинство, имот, раѓање или друг статус“ [2].

Иако нема изречни одредби за правата на малцинствата, некои одредби за човековите права и за забрана на дискриминацијата во оваа Конвенција се јасно релевантни за нивната заштита. Според членот 5 параграф 2 секој кој бил уапсен има право да биде „веднаш известен, на јазикот што го разбира, за причините за неговото апсење и за обвинувањата што против него се изнесени“. Со членот 6 параграф 3 се предвидува помош на преведувач ако обвинетиот не го разбира или не го зборува јазикот на судот.

Членот 9 го гарантира правото на секого на слобода на мислење, совест и вероисповед, вклучително и слободата сам, или во заедница со други, и јавно и приватно, да ја исповедува својата религија или уверување. Членот 10 ја гарантира слободата на изразување, вклучително и слободата на застапување свое мислење, како и да се добиваат непристрасни информации и идеи без мешање на јавните власти и независно од границите. Со членот 11 секому му се гарантира слободата на мирољубиво собирање и слободата на здружување со другите. Во членот 2 на Првиот дополнителен протокол се гарантира правото на образование, вклучително правото на родителите да одберат образование на своето дете согласно своите верски и филозофски уверувања. Со Четвртиот дополнителен протокол е забрането физичкото елиминирање на малцинствата, преку забраната на колективниот прогон на граѓаните [3].

Но повеќе права кои можат да бидат од значење за малцинствата не се гарантирани со оваа Конвенција, односно не можат да бидат подведени под принципот на недискриминација. Тоа се однесува, на пример, на правото на државјанство, правото на документите за идентификација, правото на пристап во јавните служби, правото на работа, правото на професија.

1.2. Европската повелба за регионалните и малцинските јазици

Европската повелба за регионалните и малцинските јазици е донесена од Советот на Европа на 5 ноември 1992 година. Таа ќе стапи во сила кога ќе ја ратификуваат пет земји членки на Советот на Европа [4].

2. Текстот на Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи е поместен во: Југословенска ревија за меѓународно право, Београд, бр.2-3/1972, стр.412-421.

3. Види поопширно во: A.H. Robertson, Human Rights in the World and European Institutions; Co-operation; Integration; Unification, London, 1966, p.47-48.

4. Досега Конвенцијата е ратификувана од три држави (Финска, Унгарија и Норвешка), а потпишана е од Австрија, Кипар, Данска, Германија, Лихтенштајн, Луксембург, Република Македонија, Малта, Холандија, Романија, Шпанија и Швајцарија.

Основна цел на оваа Повелба е да ги заштити и да ги сочува регионалните или малцинските јазици како суштински дел од европското културно наследство. Во првиот дел од Повелбата регионалните или малцинските јазици се дефинираат како „традиционално употребувани на територијата на државата, од нејзини граѓани кои сочинуваат група бројно помала од другото население ... а кои се различни од официјалниот јазик на таа држава". Во првиот член од Повелбата уште се наведува дека таа не се однесува на дијалектите, официјалните јазици и јазиците на мигрантите, туку на „не-територијалните јазици" кои, „иако традиционално употребувани на територијата на државата, не можат да бидат идентификувани со нејзина посебна област" [5]. Откако ќе ја ратификуваат Повелбата, договорните страни мора да ги определат регионалните или малцинските јазици на кои се однесува таа.

Во вториот дел се наведуваат целите и принципите што државите мораат да ги применуваат: а) признавање на регионалните или малцинските јазици; б) почитување на географската област во која тие се зборуваат; в) потреба за решителна акција за промовирање на овие јазици; г) обезбедување настава и изучување на овие јазици; д) олеснување за оние што биле оневозможени да ги научат тие јазици; ѓ) елиминирање на секоја дискриминација; е) промовирање на заемно разбирање и респектирање меѓу јазичните групи; ж) основање тела за застапување на интересите на овие јазици; з) примена на принципите на Повелбата на нетериторијалните јазици.

Во третиот дел се предвидуваат мерките за промовирање на употребата на регионалните или малцинските јазици во јавниот живот (во образованието, судските власти, административните власти и јавните служби, средствата за јавно информирање, културните активности, економскиот и општествениот живот). Четвртиот дел ја определува примената на Повелбата и обврските на договорните страни да поднесуваат, до генералниот секретар на Советот на Европа, периодични јавни извештаи за политиките што ги водат за примена на Повелбата кои ќе бидат проучени од Комитетот на експертите. Информации и коментари, како дополнување на државниот извештај, ќе можат да поднесат легално основани тела или здруженија кои би сакале тоа да го сторат, до истиот Комитет.

Во петтиот дел од Повелбата се наведува дека таа ќе биде отворена за пристап и за земјите кои не се членки, откако официјално ќе стапи во сила.

---

5. Европската повелба за регионални или малцински јазици е поместена во: European Treaty Series, No.148, p.186-206.

1.3. Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства

Изготвена од Ad hoc Комитетот за заштита на националните малцинства, Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства беше усвоена од Комитетот на министрите на Советот на Европа на 10 ноември 1994 година. Таа ќе стапи во сила откако ќе биде ратификувана од 12 земји членки на Советот на Европа [6].

Рамковната конвенција е несомнено најсеопфатниот од сите инструменти за заштита на малцинствата подготвен од Советот на Европа. Всушност, таа ќе биде првиот правно задолжителен мултилатерален текст за заштита на националните малцинства воопшто. Нејзина цел е да ги определи правните принципи кои државите се обврзани да ги почитуваат за да обезбедат заштита на националните малцинства.

По дефиниција „рамковната конвенција" се разликува од „обична" конвенција. Имено, додека за конвенција се подразбира дека е правно задолжителен меѓународен инструмент, зборот „рамковна" укажува дека нејзините принципи не се директно применливи во внатрешното право. Но тие мораат да бидат вградени во легислацијата на секоја држава што ќе ја ратификува и да се применуваат и преку соодветна владина политика.

Во првиот дел од Рамковната конвенција се изнесуваат општите принципи, меѓу кои дека „заштитата на националните малцинства и на правата и слободите на лицата кои им припаѓаат претставуваат интегрален дел од меѓународната заштита на човековите права и како такви спаѓаат во делокругот на меѓународната соработка" (член 1) [7]. Во членот 3 се наведува дека секое лице кое му припаѓа на национално малцинство го има правото на слободен избор дали да биде третирано како такво, а дека од тој избор за него не можат да произлезат некои непријатности. Конвенцијата не го подразбира признавањето на колективните права и во таа смисла го прифаќа пристапот на другите меѓународни инструменти. Имено, во членот 3 параграф 2 таа зборува за заштита на лицата кои им припаѓаат на националните малцинства, кои можат да ги уживаат своите права индивидуално и во заедница со другите.

6. Досега Рамковната конвенција ја ратификуваа три држави (Унгарија, Романија и Шпанија), а потпишана е од 32 земји-членки: Албанија, Австрија, Кипар, Чешка Република, Данска, Естонија, Финска, Германија, Унгарија, Исланд, Ирска, Италија, Латвија, Лихтенштајн, Литванија, Луксембург, Република Македонија, Малта, Молдова, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Сан Марино, Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска, Швајцарија, Украина и Обединетото Кралство.

7. Текстот на Рамковната конвенција се наоѓа во: Framework Convention for the Protection of National Minorities, and Explanary Report, Council of Europe Press, 1995, p.5-17.

Вториот дел е најважниот оперативен дел од Конвенцијата чии одредби наведуваат повеќе посебни принципи за широк круг на прашања. Во членот 4 се наведува дека државите го гарантираат принципот на еднаквост и не-дискриминација за лицата кои им припаѓаат на националните малцинства. Во параграфот 2 се нагласува дека унапредувањето на целосната и ефективна еднаквост меѓу лицата кои му припаѓаат на националното малцинство и оние кои му припаѓаат на мнозинството може да бара од државите донесување на посебни мерки кои треба да бидат „адекватни", за да се избегне кршењето на правата на едните или дискриминирањето на другите. Но овој принцип, меѓу другото, бара таквите мерки да не го надминат, во време и според обемот, достигнувањето на целта за целосна и ефективна еднаквост.

Во членот 5 на лицата кои им припаѓаат на националните малцинства им се гарантира сочувување и развој на нивната култура и заштита на нивниот идентитет. Членот 8 наведува детални правила за заштита на вероисповедта, а членот 9 го прави тоа со слободата на изразувањето на лицата кои им припаѓаат на националните малцинства.

Членот 10 го гарантира правото на слободна употреба на јазикот на малцинствата, приватно и јавно, усно и писмено (параграф 1). Државите ќе „настојуваат да обезбедат, колку што е можно повеќе, услови што ќе овозможат употреба на јазикот на малцинството во односите со ... административните власти" (параграф 2). И овој член е доста флексибилен, бидејќи содржи неколку услови за употребата на јазикот на малцинството: ако припадниците на малцинствата тоа го бараат; ако таквото барање соодветствува на реалната потреба, која од државата би требало да биде проценета врз основа на објективни критериуми; зборовите „колку што е можно повеќе" индицираат дека мора да се води сметка за различни фактори, особено финансиските ресурси на државата. Во членот 12 се промовира во интеркултурна смисла познавањето на културата, историјата, јазикот и религијата, како на националните малцинства така и на мнозинското население.

Во членот 13 се наведува дека државите ќе им го признаат на лицата кои им припаѓаат на националните малцинства „правото да основаат и да управуваат свои приватни образовни и институции за обука". Ова право се става „во рамките на образовните системи" на државите кои знаку немаат никакви финансиски обврски за таквото образование и обука. Членот 14 се однесува на правото на лицата кои им припаѓаат на националните малцинства да го „изучуваат својот малцински јазик или да се школуваат на тој јазик". Тоа право се условува со „суштинска бројност" и „доволно барање" од лицата кои им припаѓаат на националните малцинства, се става „во рамките на образовните систе-

ми“ на државите, и не го прејудицира изучувањето или изведувањето настава на официјалниот јазик на државата [8].

Евидентно е дека некои од наведените принципи во вториот дел се вградени и во Европската конвенција за човековите права. Нивното повторување и во овој инструмент не само што го засилува текстот туку е посебно значајно бидејќи Рамковната конвенција ќе биде отворена за потпишување и од земјите кои не се членки на Советот на Европа. Пишувани во форма на упатство, овие одредби се предвидени да се применуваат и преку билатерални и мултилатерални спогодби.

Во третиот дел се содржани некои интерпретирачки одредби, како на пример дека „лицата кои им припаѓаат на националните малцинства ќе ги почитуваат националната легислација и правата на другите“ (член 20); или дека нивната заштита мора да биде усогласена со „фундаменталните принципи на меѓународното право, особено со суверената еднаквост, територијалниот интегритет и политичката независност на државите“ (член 21).

Во четвртиот дел се предвидува механизмот за примена на Конвенцијата. Верификувањето на примената е во надлежност на Комитетот на министрите кому во тоа му помага Советодавен комитет, составен од експерти за заштита на националните малцинства. По истекот на една година од стапувањето во сила на Конвенцијата, од државите кои ќе ја ратификуваат се бара поднесување на детален извештај за легислативните и други мерки што ги преземаат во согласност со нејзините одредби. Натамошните извештаи ќе бидат поднесувани во периодични интервали, како и во зависност од тоа кога Комитетот на министрите тоа ќе го побара.

2. Правата и положбата на националностите во Република Македонија

2.1. Положбата на националностите според Уставот, законите и во политичкиот живот на Република Македонија

По осамостојувањето и независноста во 1991 година, Република Македонија прави сериозни напори за подобрување на квалитетот на животот на националните малцинства („националностите“ според Уставот на земјата). Притоа е суштествено дека низ историјата и во колективното паметење во Македонија немало меѓуетнички судири, што го олеснува соживотот меѓу македонскиот народ и националностите, односно е фактор во намалувањето на повремените меѓуетнички тензии.

8. Поширок коментар за членовите 13 и 14 кои се однесуваат на можностите за образование на лицата кои им припаѓаат на националните малцинства види во: Ibid, p.34-35.

Уставот на Република Македонија од 1991 година, кој ги гарантира правата и слободите на поединците и на граѓаните, содржи и одредби што се однесуваат на правата на националностите, со цел да се постигне реална еднаквост на нивниот граѓански статус и заштита на нивниот етнички, културен и верски идентитет. Во Преамбулата на Уставот се прокламира дека „Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите национални кои живеат во Република Македонија". Во делот на Преамбулата кој ги определува целите на донесувањето на Уставот во однос на националностите, се утврдуваат следниве цели: „да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност; да се обезбеди мир и сожителство на македонскиот народ со националностите кои живеат во Република Македонија". Преамбулата го проширува поранешното уставно именување на националностите, така што покрај Албанците и Турците ги набројува Власите и Ромите, како значителен дел од севкупното население, а ја отвора можноста и за други национални кои живеат во Република Македонија.

Во членот 9 од Уставот се наведува дека „граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба". Членот 19 ја гарантира слободата на вероисповедта, односно „слободното и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата".

Во членот 48 се наведува дека: „Републиката ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите". Според овој член „припадниците на националностите имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености"; „да основаат културни и уметнички институции, научни и други здруженија заради изразување, негување и развивање на својот идентитет", како и „право на настава на својот јазик во основното и средното образование, на начин утврден со закон". Во врска со последното право се додава дека „во училиштата во кои образованието се одвива на јазикот на националноста, се изучува и македонскиот јазик" [9].

Членот 7 предвидува во единиците на локалната самоуправа, во кои како мнозинство, или како значителен број, живеат припадниците на националностите, во службена употреба, покрај македонскиот јазик

9. Наведено според: Устав на Република Македонија, НИП „Магазин 21", Скопје, 1991, стр.3-4, 8, 11 и 20.

и кириличното писмо, да се и јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон. Со оваа одредба се воведува двојазичност или повеќејазичност во единиците на локалната самоуправа, врз основа на критериумите „мнозинство“ и „значителен број“, кои во соодветните закони што се дадени во процедура се предлага да бидат над 50%, односно над 20% од населението во локалната единица.

Согласно член 78 од Уставот, Собранието на Република Македонија основа Совет за меѓунационални односи, чие постоење не значи дека претставува инструмент за разрешување на кризни состојби. Тоа тело ги „разгледува прашањата од меѓунационалните односи и дава мислење и предлози за нивно решавање“, а кои Собранието е должно да ги разгледа и да донесе одлука во врска со нив. Значи, Советот треба ефикасно да придонесува да не доаѓа до меѓуетнички тензии, а ако сепак дојде до нив, активно да учествува во нивното успешно разрешување. Советот е составен од: претседателот на Собранието и по двајца членови Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми и двајца членови од другите националности.

Во соодветни акти на граѓанското и кривичното законодавство, се гарантира слободата на употреба на мајчиниот јазик на странката, при што службените органи имаат обврска да обезбедат преведување.

Со Законот за личната карта се овозможува имињата на припадниците на националностите во нивните лични карти да се запишуваат двојазично, односно освен на официјалниот македонски јазик и со кирилично писмо и на јазикот и писмото на припадникот на националноста.

По донесувањето на Законот за политичките партии, во Република Македонија активно дејствуваат 55 политички партии, од кои 15 (30.91%) се политички партии на националностите. Меѓу нив се, на пример, Партијата за демократски просперитет (ПДП), Националната демократска партија (НДП), Партијата за демократски просперитет-албанска (ПДПА), Републиканската партија, Албанската демократска унија-либерална партија, како партии на албанската националност. Меѓу бројните организации на другите националности спаѓаат: Демократската партија на Турците, Партијата за целосна еманципација на Ромите, Демократската прогресивна партија на Ромите во Македонија, Египќанското здружение на граѓаните, Демократската партија на Србите, Здружението на Србите и Црногорците во Македонија, Лигата на Власите и други. Речиси сите овие партии учествуваа на повеќепартиските парламентарни избори во 1990 и 1994 година. Во 1990 година во Парламентот имаше 27 пратеници од националностите (23 Албанци, 2 Роми и 2 други) од вкупно 120 пратеници, односно 22,5%. На изборите за локалната самоуправа во 1990 година се избрани 336 одбор-

ници од националностите (21,27%, од вкупно 1.580 одборници), меѓу кои се 234 Албанци, 25 Муслимани, 22 Турци, 16 Срби, 15 Роми, 12 Власи, 6 Југословени. Во 1994 година во Парламентот се избрани 23 пратеници од националностите (19 Албанци, 2 Роми, 1 Турчин и 1 Србин), односно 19,17% од вкупниот број пратеници. Во владината коалиција учествува албанската партија ПДП, со 5 министри Албанци.

2.2. Положбата на националностите во образованието

Во областа на образованието, покрај еднаквиот пристап кон образовните институции за сите граѓани, припадниците на националностите имаат право на образование на својот мајчин јазик во основните и средните училишта. Притоа, државата гарантира бесплатно основно образование кое е задолжително за сите. Уставот, покрај тоа, дава можности за основање приватни образовни институции во средното и високото образование, под услови утврдени со закон.

Во предучилишното образование, во учебната 1994/95 година, воспитно-образовната дејност се изведува на албански јазик за 4.042 деца (17%), на турски јазик за 329 деца (1,7%), на српски јазик за 68 деца (0,6%). Посебно треба да се одбележи зголемувањето на бројот на албанските деца во овој степен на образование во последните години (2.592 во 1993 година, 4.042 во 1994 година), имајќи ги предвид традиционалните односи во албанското семејство, во кое жената е невработена и немаше изразен интерес за згрижување на децата во предучилишниот период.

Во основното образование во 1994/95 година настава на албански јазик слушале 71.767 ученици во 2.733 паралелки во 280 училишта. Наставата ја изведувале 3.707 наставници, со учебници на албански јазик за сите предмети. Постои тренд на зголемување на наставата на албански јазик во основното образование, во однос на претходните две учебни години: во 1992/93 бројот на учениците на албански јазик изнесувал 26,8% од вкупниот број ученици, во 1993/94 26,95%, а во 1994/95 година 27,46%.

Во учебната 1994/95 година настава на турски јазик во основното образование посетувале 5.456 ученици, во 225 паралелки, во 55 училишта. Во истата учебна година 753 ученици посетувале настава на српски јазик, во 52 паралелки, во 14 училишта.

Наставата во средните училишта, чие посетување не е задолжително во смисла што учениците не мораат да го продолжат школувањето по завршеното задолжително основно образование, покрај на македонски, се реализира и на албански и турски јазик. Училиштата

за средно образование се еднакво достапни за сите заинтересирани ученици, без оглед на верската или националната припадност, кои ќе ги исполнат предвидените услови во конкурсот, а во рамките на предвидениот број паралелки и уписни места. По 1993 година, во конкурсот за запишување на ученици од националностите, со цел за нивен поголем опфат, се предвидува формирање паралелки со настава на мајчин јазик секаде каде за тоа се исполнети условите, а во случајот со наставата на албански јазик, и повеќе од предвидениот број паралелки. Така во 1994/95 година во средните училишта се школувале 7.402 ученици во 230 паралелки на албански јазик, а 447 ученици во 15 паралелки на турски јазик. Наставата на албански јазик се изведувала во 19 средни училишта, од страна на 429 наставници. Опфатот на генерациите на албански јазик во прва година средно училиште забележително се зголемува последниве години: од 24,12% во учебната 1992/93 година, на 38,66% во учебната 1994/95 година [10].

Од правото на националностите за школување на мајчин јазик до ниво на средно образование, произлегува и потребата за едукација на квалификуван кадар од националностите кој ја изведува таа настава. Од учебната 1995/96 година на Педагошкиот факултет во Скопје се организираат студии на македонски и на јазиците на националностите за групите: предучилишно воспитување, одделенска настава на јазиците на националностите, математика-физика, биологија-хемија и историја-географија. На ниво на високото образование на Филозофскиот факултет и на Факултетот за драмски уметности во Скопје исто така постојат соодветни групи на албански јазик.

Во областа на високото образование припадници на националностите, под исти услови, аплицираат за некој од 29-те факултети на универзитетите во Скопје и Битола. Покрај тоа од учебната 1992/93 година има и посебна квота за припадниците на националностите, односно покрај редовно запишаните студенти може да се зголеми нивниот број и за 10% за секоја националност. Притоа, припадниците на националностите можат да се запишат на факултет со 60 поени освоени на приемниот испит, иако за другите кандидати се потребни 80 поени. Така, бројот на запишани студенти на универзитетите во Скопје и Битола, посебно кај албанската националност, бележи зголемување последниве години. Имено, во 1991/92 година тој број изнесувал 116 (2,4% од вкупниот број студенти), во 1992/93 година 168 (3,4%), во 1993/94 година 292 (5,1%), а во 1994/95 година 357 (6,4%). Бројот на турските студенти на двата универзитети во Македонија во 1991/92 година беше 35 (0,7%), а во 1994/95 година изнесуваше 54 (0,9%). Во

10. Види поопширно во: Vladimir T. Ortakovski, Co-existence of Nationalities in Macedonia, Round Table „Update on Macedonia", Washington D.C., April 27, 1995, p.2-4.

исто време, процентот на македонските студенти опаѓа, од 93,8% во 1991/92 година на 90% во 1994/95 година, иако во апсолутни износи се зголемува (од 4.585 во 1991/92 година на 5.450 во 1994/95 година). Треба да се има предвид и дека на универзитетите во Скопје и Битола можат да се запишат студенти, со финансиска партиципација или со полно финансирање на своите студии, во неограничен број. Од на тој начин запишаните студенти на овие факултети, 1,2% се припадници на националностите. Покрај тоа, на редовните студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од 1970 година работи и Катедра за албански јазик и литература. На неа досега дипломирале 450 студенти, а во учебната 1994/95 година има 180 запишани студенти.

Зголемениот интерес на студентите од албанска националност за универзитетите во Република Македонија се наоѓа во врска со престанокот на наставата на албански јазик на Универзитетот во Приштина. Имено, пред распаѓањето на СФР Југославија, околу 1.800 студенти од Македонија студираа на други универзитети во Југославија, при што повеќе од 1.200 студираа на Универзитетот во Приштина, од кои скоро сите беа од албанската националност. Во новите услови, по 1992/93 година, околу 400 студенти од Република Македонија, од албанска националност, студираат на факултети во Република Албанија.

Треба да очекуваме најавеното потпишување на спогодба за валидност на универзитетските дипломи со Република Албанија да ја релаксира потребата за посетување настава на албански јазик во високото образование.

2.3. Положбата на националностите во средствата за јавно информирање и во државната администрација

Македонската телевизија емитува два часа дневно програма на албански јазик, еден час дневно на турски и по 30 минути седмично програми на влашки, ромски и српски јазик. Програмата на албански јазик на МТВ се емитува од 1967 година. Покрај државната телевизија, во Република Македонија има околу 250 приватни ТВ станици, од кои некои програмата во целост ја емитуваат на јазиците на националностите. На Македонското радио се емитува вкупно 15 часови дневна програма на јазиците на националностите од кои 9 и пол часа на албански јазик. Инаку, програмата на турски јазик е воведена од 1945 година, а на албански јазик од 1948 година. Програма на албански јазик се емитува и на јавни локални радиостаници во шест општини во државата (Гостивар, Дебар, Кичево, Куманово, Струга и Тетово), на турски јазик во четири (Гостивар, Дебар, Струга и Тетово), на

ромски јазик во две (Куманово и Тетово) и на влашки јазик во една општина (Гевгелија).

На албански јазик се издава весникот „Фљака е влазеримит" (три пати неделно), а на турски јазик „Бирлик" (три пати неделно). Од културните институции во Скопје работи културното здружение на Ромите „Пралипе" (Братство) од 1948 година, Театарот на народностите, со посебни групи на албански јазик (Албанска драма) и на турски јазик (Турска драма). Во Македонија дејствуваат повеќе културни здруженија, театарски групи, спортски клубови на националностите итн.

Република Македонија, по осамостојувањето, прави видни напори за подобрување на положбата на националностите во повеќе области, па и во делот на полицијата, армијата и судството. Имено, во Средното полициско училиште е отворена квота од 22% за припадниците на националностите, од кои 19% се за Албанците. При приемот на полицајци квотата за Албанците е зголемена на 50%, при што е значително зголемен и бројот на женската албанска популација. Застапеноста на Албанците во Министерството за внатрешни работи во периодот 1993-1995 година се зголеми од 1,7% на 4,5% [11].

Во регрутниот состав на армијата албанските војници се застапени со 16% до 26%, во зависност од годината на регрутирање, а 12,5% од вкупниот број генерали во АРМ се Албанци, што исто така претставува значително зголемување.

Во клучните органи и тела на судството исто така е присутна адекватната застапеност на припадниците на националностите: во Уставниот суд од девет членови, тројца, а во Републичкиот судски совет, од седум членови, двајца се припадници на националностите.

3. Заклучно согледување - споредба со европските стандарди

Европската повелба за локална самоуправа, донесена од Советот на Европа на 15 октомври 1985 година, го регулира концептот на локалната самоуправа [12]. Видовме дека во Рамковната конвенција, во членот 10 параграф 2, употребата на јазикот на малцинствата во комуницирањето со административните власти се условува со: а) таквото барање на припадниците на малцинствата; б) барањето да соодветствува на реалната потреба, која од државата би требало да биде проценета врз основа на објективни критериуми; в) зборовите „колку

11. Види во: Националните малцинства (националности) во Република Македонија, Влада на Република Македонија - Секретаријат за информации, Скопје, 1995.

12. Текстот на Европската повелба за локална самоуправа е поместен во: European Treaty Series, No.122, Local self-government, Strasbourg, 1985.

што е можно повеќе“ индицираат дека мора да се води сметка и за финансиските можности на државата.

Во Република Македонија концептот на локална самоуправа, содржан во Законот за локална самоуправа, е во целосна согласност и ги содржи истите принципи од Европската повелба за локална самоуправа. Законот оди и чекор понатаму од Европската повелба, со тоа што ја регулира употребата на јазиците на националностите. Имено, на заседанијата на органите на локалната самоуправа, каде националностите сочинуваат мнозинство (50%) или значителен број (20%), покрај македонскиот јазик и неговото кирилично писмо, во официјална употреба е и јазикот и писмото на националностите. Статутите, одлуките и други општи прописи од овие органи на локалната самоуправа се пишуваат и публикуваат на официјалниот јазик и на јазиците на националностите. Во единиците на локална самоуправа во кои припадниците на националностите претставуваат мнозинство, имињата на населените места, називите на јавните служби и институции, на јавните претпријатија, се пишуваат на македонски јазик и на јазикот на националностите. Називите на културните и образовните институции, со цел за развој и унапредување на културните и образовните цели на националностите, се пишуваат на македонски јазик и на јазикот на националноста, независно од бројот на припадниците на наионалноста кои живеат во соодветната единица на локалната самоуправа.

Значи, употребата на јазиците на националностите во единиците на локалната самоуправа е на повисоко ниво од стандардите востановени во меѓународните инструменти.

Во областа на образованието, одредбите содржани во меѓународните инструменти, што се однесуваат на наставата на јазикот на малцинствата, се мошне флексибилно и внимателно формулирани. Видовме дека во членот 14 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства се гарантира правото на настава на мајчин јазик, но остварувањето на истото се доведува во зависност од неколку фактори: а) суштински број на припадници на националното малцинство во некоја област; б) нивно „доволно барање“, што им овозможува на државите да водат сметка за своите специфични околности; в) формулацијата „колку што е можно повеќе“ индицира дека наставата на јазиците на малцинствата зависи од расположливоста на финансиски средства кај државите; г) истата е во рамките на образовниот систем на државата.

Во Република Македонија во областа на образованието постојат стандарди повисоки од оние во меѓународните инструменти. Наставата на јазикот на националностите се изведува во предучилишното, основното и средното образование, како и во лингвистичките и педа-

гошките науки во високото образование. Истата постои далеку пред донесувањето на меѓународните инструменти кои ја регулираат. Таа е мотивирана од потребата за заштита на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите и ги исполнува најпрогресивните решенија од Европската повелба за регионални или малцински јазици (член 8) [13].

Сепак, некои субјекти од албанската националност го иницираа формирањето на т.н. „универзитет во Тетово" со настава на албански јазик, надвор од институционалната рамка на образовниот систем во Република Македонија. Таквата иницијатива, која нема основа во постојната законска регулатива, води кон сепаратизам и гетоизација на албанската националност во однос на сите други граѓани на Македонија. Со истата се надминуваат образовните рамки, бидејќи „универзитетот" се поставува како прашање на политиката, а не на образованието (дали за нов универзитет со седум факултети има научно-образовна оправданост во мала држава каква што е Македонија).

Карактеристична во овој контекст е ситуацијата во врска со усвојувањето на двата наведени важни документи за правата на малцинствата на Советот на Европа: Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и Европската повелба за регионални или малцински јазици. Имено, тие беа потпишани од Република Македонија во јули 1996 година и требаше да бидат ратификувани од нашиот Парламент. Но тоа не се случи, бидејќи претставниците на албанската националност во Парламентот не сакаа да учествуваат во работата на таа седница. Можен логичен одговор на прашањето зошто, е дека во нашата земја постојат повеќе малцински права одошто во тие меѓународни документи.

13. Наведено според: General Policy Towards Minorities, Ministry of Foreign Affairs, Skopje, September 1996, p.7.

Vladimir ORTAKOVSKI

THE RIGHTS OF MINORITIES IN EUROPEAN INTERNATIONAL DOCUMENTS AND IN REPUBLIC OF MACEDONIA

(Summary)

This paper deals with the regulation of minority rights in Europe, as well as rights and situation of nationalities in the Republic of Macedonia, in comparison with European standards.

In European Convention on Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms there are no particular provisions of minority rights, which are part of non-discrimination and respect of fundamental human rights and freedoms. European Charter for Regional or Minority Languages and Framework Convention for the Protection of National Minorities, adopted by Council of Europe in 1992 and 1994, are expression of increased interest for minority rights, although they still are not in force. The Framework Convention, which remains on individual protection of persons belonging to minorities, in fact will be the first legal binding multilateral document for protection of national minorities in general, with the aim to determine legal principles compulsory for states.

According to the 1991 Constitution of the Republic of Macedonia, individuals and citizens are guaranteed rights and freedoms, and there are provisions concerning nationalities rights, in order to acheive real equality of their citizen's status and protection of their ethnic, cultural and religious identity. 15 political parties representing the interests of nationalities, are actively working in the country, and 23 representatives to the Assembly belong to nationalities. In Governmental coalition participates party PDP with 5 ministers Albanians; in the Constitutional Court there are three, out of nine, and in the Republic Judicial Council two, out of seven, persons belonging to nationalities. In the field of education there is a right of persons belonging to nationalities for education in their mother tongue in pre-school, elementary and secondary schools, as well as in high education in the field of linguistics and pedagogy. Position of nationalities in media and in state administration is growing better gradually and visibly.

In comparison with European standards, nationalities in the Republic of Macedonia have higher level rights, generally, as well as in the fields of local units and education, which were dealt with in this paper.